20141584971

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЖАРНИКАРСТВОТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за пожарникарството, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 октомври 2014 година.

Бр. 07-4026/1
27 октомври 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОЖАРНИКАРСТВОТО

Член 1

Во Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 81/2007 и 55/13) во членот 5 став (4) зборовите: „општините Врапчиште, Боговиње“ се заменуваат со зборовите: „општината Врапчиште“, зборовите: „општината Липково“ се заменуваат со зборовите: „општините Липково и Старо Нагоричане“, по зборот „Јегуновце“ сврзникот „и“ се брише, се става запирка, по зборот „Теарце“ се става запирка и се додаваат зборовите: „Боговиње и Желино“, а зборовите: „Кичево за општините Вранешница, Другово, Зајас и Осломеј“ се бришат.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

www.pravdiko.mk